ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 4 од Законот за здравјето на растенијата („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/05, 81/08, 20/09, 57/10, 17/11, 148/11, 69/13, 43/14, 158/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 19.8.2015 година, донесе

# ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ВРШЕЊЕ НА ЛАБОРАТОРИСКИ АНАЛИЗИ И ТЕСТОВИ

## Член 1

Во Одлуката за висината на надоместокот за вршење на лабораториски анализи и тестови („Службен весник на Република Македонија" бр. 198/14) во членот 2 во точката 8) сврзникот "и" се брише.

По точката 9) се додаваат две нови точки 10) и 11) кои гласат:

„10) Анализа на резидуи од дитикарбамати во храна од растително потекло вклучувајќи претворба во CS2, одвојување во исооктан и детеминативна анализа со GC-ECD - 4.835,00 денари, и

11) Содржина на витамин Ц во плод и сок (внатрешно развиен метод) - 2.360,00 денари."

## Член 2

Во членот 3 по точката 6) се додаваат пет нови точки 7), 8), 9), 10) и 11) кои гласат:

„7) Биохемиско испитување на виталноста на семето (топографски тетразол тест) кај житни растенија - 1.800,00 денари,

8) Земање мостри од партија семе - 767,00 денари,

9) Одредување на специфични пазарни стандарди за квалитет на свежо овошје и зеленчук наменети за конзумација – 550,00 денари,

10) Одредување на минимални стандарди за квалитет на овошје и зеленчук наменети за преработка – 500,00 денари, и

11) Одредување на минимални услови за квалитет, својства и класирање на житата и оризот – 650,00 денари."

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-8420/1
19 август 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република Македонија,
м-р Зоран Ставрески, с.р.